СЕДМА ПОЛИТИЧКА АКАДЕМИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА 2014

## Групен истражувачки труд

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ВО 2014 ГОДИНА

Изработиле:
Марио Михајлов
Бојана Атанасова
Мартин Попов
Виктор Талески
Бетиан Китев
Влатко Јовановски
Билјана Поповска
Орданчо Митрев
Мемет Жаку

Јуни, 2014 година

**СОДРЖИНА**

1. ВОВЕД ........................................................................................................ 3
2. КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА ........................................................................ 4
3. РАЗРАБОТКА НА ПОИМОТ ГОВОР НА ОМРАЗА ............................................ 4
   3.1. ЕЛЕМЕНТИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА ...................................................... 7
      3.1.1. КАЗНИВОСТ НА ГОВОР НА ОМРАЗА ............................................... 8
   3.2. ГОВОР НА ОМРАЗА КАЈ ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ВРЕМЕ НА КАМПАЊА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ........................................................................................ 8
   3.3. ИЗВЕШТАЈ НА ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗАСТАПЕНОСТА НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ И ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ………………………………………………………………………..10
   3.4. АНАЛИЗА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА ИСПИТУВАЊЕТО НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ЗА ВРЕМЕ НА КАМПАЊАТА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ........................................... 11
      3.4.1. ЗАКЛУЧОЦИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ................................................ 12
4. ЗАКЛУЧОК ..................................................................................................... 17
5. ПРЕПОРАКИ ................................................................................................. 18
6. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ............................................................................ 19

# 1. ВОВЕД

Како учесници на седмата политичка академија нашиот тим доби задача да изработи групен истражувачки труд на тема: ,,Говорот на омраза за време на изборната кампања во 2014 година‘‘. Како што се наближуваа изборите, а и за време на целата кампања, говорот на омраза беше се повеќе присутен во нашето секојдневие. Токму затоа, ние како тим истражувавме и дојдовме до сознанија колку граѓаните разликуваат што е говор на омраза, колку беше застапен говорот на омраза за време на изборната кампања и колку надлежните се занимаваат со овој проблем.

Слободата на говорот и изразувањето на мислата претставуваат основно човеково право кое има суштинска улога во остварувањето и заштитата на другите права. Можноста да се изрази мислењето и да се сподели информацијата претставува вредносен показател за демократскиот капацитет на едно општество. Концептите на граѓанство и плурализам се неостварливи без можноста на слободно изразување на мислата и објективниот натпревар на спротивставените политички идеи.

Слободата на изразувањето може да се злоупотреби во одредени ситуации и истата преминува во појава која е нејзина потполна спротивност. Одредени лица и групи може да изразат идеи за надмоќ на определена раса, религија или нација, партиска определба, со намера да ги понижат сите кои не припаѓаат на “нивната” група. Во такви случаи слободата на изразувањето е прешироко толкувана и преминува во говор на омраза. Регулирањето на говорот на омраза е во голема мера феномен на периодот по Втората светска војна. Поттикнат од очигледните врски помеѓу расистичката пропаганда и Холокаустот, повеќе меѓународни договори како и поединечни земји, го истакнаа говорот на омраза како неприфатлив и спротивен на уставно заштитените права.

Со нашата истражувачка работа сакаме да допреме до општеството кое треба да стане свесно дека говорот на омраза е секојдневно присутен во нашите животи, а особено е зајакнат за време на изборните кампањи. Навидум невината политичка борба со користење говор на омраза, лесно можеме да прерасне во нарушување на кревките меѓуетнички односи во Република Македонија, но и да создаде чувство на омраза кај поединците, а тоа понатаму да прерасне во отворен конфликт и насилство.

## 2. КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

При изработката на овој истражувачки труд секој од членовите на тимот имаше придонес, при што се користеа неколку различни пристапи на изработка на истиот.

Првенствено, нашиот пристап се базираше на теоретска разработка на тоа што претставува говор на омраза, разработка на елементите на говорот на омраза, негово препознавање, санкционирање и сл.

Следствено на тоа, внимателно спроведовме истражување за текот на изборната кампања за време на изборите во 2014 година, а во прилог на тоа спроведовме и интернет анкета преку која се обидовме да го осознаеме мислењето на дел од јавноста за присуството на говорот на омраза за време на последните претседателски и парламентарни избори.

Нашата цел беше преку анализа на јавното мислење да осознаеме колку граѓаните се свесни за користење на говор на омраза од страна на политичарите за време на изборната кампања и каде најмногу се сретнале со истиот. Следствено на тоа, преку анализата на јавното мислење успеавме да дојдеме до определени сознанија за тоа која политичка партија користела најмногу говор на омраза за време на кампањата и колку граѓаните сметаат дека говорот на омраза треба да биде санкциониран од страна на надлежните власти.

## 3. РАЗРАБОТКА НА ПОИМОТ ГОВОР НА ОМРАЗА

Во најопшта смисла изразот “говор на омраза” означува усно и писмено комуницирање или друг облик на јавно изразување на став, кој содржи намера, заснована врз предрасуди, да дискриминира, вознемири, предизвика реакција или поттикне негативен став, нетолеранција, непријателство или насилство, спрема поединци или групи на луѓе, врз основа на расна, родова, етничка припадност, возраст, верско уверување, сексуална определба, хендикеп, политички ставови , социјална состојба или која било друга особина.

Бидејќи не постои цврста дефиниција за поимот говор на омраза предвидена во меѓународните документи за човекови права и националните законодавства, за да се одреди овој поим треба да се посвети внимание на следните начела: - слободата на

изразување како и секоја друга слобода и право повлекува низа на должности и одговорности ; - говорот на омраза е злоупотреба на слободата на изразување, што се состои во повреда на правата на другите. Говорот на омраза е оној, кој остварува реалност, кој што обликува менталитети и што создава подлога за сите други облици на непријателства. Јазикот создава реалност, како и одразување на истата.

Говорот на омраза е изразувања на мислења и идеи, кои се по својата природа дискриминаторни, расистички, шовинистички кои што се упатени на група луѓе или поединци заради нивната верска, расна, културна, национална, политичка или сексуална усмереност.[1] Наменот е деградирање, престрашувачки или пробудување на насилство и нетолеранција. Предрасудите и стереотипите значајно придонесуваат во тоа да се луѓето нестрпливи и да не ги прифаќаат поинаквите светски разлики. Причините за предрасудите на стереотипите не се сместени само во поединци и во нивното различно однесување, туку често се потпирани и од страна на медиумите и политичките партии. Во медиумите би морала да биде предвидена слободата на изразувањето, а во меѓувреме би морале да бидат свесни дека самата слобода на изразување не е апсолутна. Слободата на изразувањето мора да постои, но не во својата целосна верзија и со голема одговорност за сите кои што се вклучени како во медиумскиот, па така и во самиот политички процес.

Постоењето на омразата и говорот на омразата е сам по себе вечен проблем. Говорот на омраза добива нова димензија од кога станува дел од политичкиот дискурс. Дел од политиколозите во светски размери појаснуваат дека политичкото тело секогаш бара визуелна претстава, односно суштинско прашање кој ја надгледнува политичката видливост, односно кој одлучува што треба да се види и што не треба да биде во очите на јавноста[2].

Како пример доколку би ја земале Македонија во изминатите неколку години говорот на омраза е многу застапена тема во медиумите и во извештаите. Меѓутоа, ова не е карактеристично само за Македонија, туку и во интернационални рамки, фокусот е на ова прашање, како реакција на ситуации, каде говорот на омраза се користи и употребува, но не во отворена форма. Не постои унифицирана дефиниција за овој поим, но најчесто се користи дефиницијата од Препораката R(97) 20 на Советот на Европа за говорот на омразата и тоа:

[1] Supek, Rudi. 1992. Društvene predrasude i nacionalizam: socialno-psihološka razmatranja. Zagreb: Globus.
[2] Kovačič, Gorazd. 2005. Nezadosnosti strpnosti. V poročilo skupine za spremljanje nestrpnosti. Ljubljana: Mirovni inštitut.

*“Говор на омраза ги опфаќа сите форми на изразување што шират, поттикнуваат, промовираат, оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или друга форма на омраза заснована врз нетрпеливост, вклучувајќи и нетрпеливост изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, емигрантите и лицата со емигрантско потекло[3]”*

Во националниот правен систем Република Македонија во однос на прашањето за говор на омраза, се води и според неколку меѓународни документи кои и ги има ратификувано. Па така, за ова прашање особено се почитуваат правилата на Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, како и релевантните препораки и прирачници на Советот на Европа  и пресудите на Европскиот суд за човекови права. Република Македонија ги има прифатено овие акти во домашното право и притоа, има задолжение да ги применува како законски правила и норми. Покрај меѓународните акти, ова прашање е регулирано и со законот што го регулира медиумската и радиодифузната дејност, и тоа Законот за медиуми каде што во член 4 се забранува објавување и емитување на содржини во медиумите со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на: раса, пол, религија или националност. Секогаш при анализирањето за постоењето на некое човеково право, важно е да се разгледува како е регулирано формално и како се применува во пракса. Во Република Македонија има огромна разлика од хартија до реалност по прашањето “говор на омраза”. Во оваа смисла, на македонските медиуми им е тешко да оценат кога ја практикуваат слободата на изразување, а кога навлегуваат во дискриминација при известувањето на различностите, особено врз основа на: род, сексуална ориентација или припадност кон некоја маргинализирана група. Тешкотијата кај утврдувањето на говорот на омраза претставува тоа што овој говор не се манифестира неизбежно како омраза или емоции, туку напротив, може да биде сокриен во изјави кои на прв поглед може да се чинат рационални и нормални. Меѓу најголемите проблеми, кои се препознатливи за медиумите најчесто е употребувањето на поимот “маргинализирана група”. Говорот на омраза потенцијално води кон криминал од омраза, а исто така може да води и кон геноцид: кога определена група ќе биде понижена или обесчовечена и со ваков говор ќе се држи надвор од “заедницата на еднакви”, потоа таа лесно може да стане предмет на физички напади и

[3] Прирачник за европско право за недискриминација, Агенција за фундаменталните права на Европската унија, Совет на Европа, 2010.

насилство. Исто така, јазично заснованата класификација или симболизација е еден од мерливите чекори кон геноцид.

Говорот на омраза има штетно влијание на општествениот род, мир и квалитет на животот на заедницата: лути и сомнителни кон други групи и кон структурата на моќ која би требало да ги заштити, овој говор има капацитет сериозно да ја оштети ткаенината, да изгради огромно непријателство помеѓу луѓето и да ги раздели заедниците[4].

## 3.1 ЕЛЕМЕНТИ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

За некоја навреда, клевета, непристојно изразување, метафора, иронија, сарказам, да станат говор на омраза, треба да бидат исполнети некои суштински елементи,

***Прво***, во препознавањето на говорот на омраза тргнуваме од тоа дали во говорот има стереотипи, дали се базира на предрасуди кон одредена група луѓе, дали промовира дискриминација, дали создава непријателска атмосфера за работа и живеење на одредена група луѓе заради нивните карактеристики и дали директно или индиректно доведува до ограничување на практикувањето на правата и слободите на секој човек.

***Второ***, говорот на омраза подразбира постоење на намера (за поттикнување нетолеранција, расизам, поттикнување на насилство или друга омраза, но не и намера за информирање на јавноста за прашања од општ интерес), контекст (не станува збор за критичко делување, туку станува збор едноставно за ширење на стереотипи и предрасуди), последица (општествено штетните консеквенци предизвикани со таквото изразување).

***Трето*,** не се говор на омраза искажаните мислења кои повикуваат на проширување на границите на правата и слободите (повеќе права за поголем број луѓе).

Ако го имаме во предвид ова, лесно може да ја направиме границата меѓу она што претставува говор на омраза и она што претставува агресивна критика на власта.

[4] Trešak, Andraž. 2006. Svoboda izražanja – neprepričljivo varovana in zloraba?! Referat na mednarodni konferenci Besede so dejanja, govor jih poganja – diskriminatorni in sovražni govor. Ljubljana: Urad varuha človeških pravic Republike Slovenije

### 3.1.1. КАЗНИВОСТ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Во домашното законодавство постојат одредби кои го криминализираат говорот заради неговата посебна содржина. Казнено-правните забрани на говорот на омраза се фокусирани на инкриминирање на злоупотребите на слободата на изразување, кои се состојат во поттикнување на насилство или други повреди на еднаквите слободи и права или изразување на дискриминаторен однос кон другите. Во македонската практика кај органите надлежни за превенција и спречување на говор на омраза (министерството за внатрешни работи и јавното обвинителство) постои резервен однос кон примена на законските забрани, и тоа покажува на малиот број на регистрирани случаи на казнено гонење или преземање други законски мерки.

## 3.2. ГОВОР НА ОМРАЗА КАЈ ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ВРЕМЕ НА КАМПАЊА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО 2014 ГОДИНА

Говорот на омраза можеме да го забележиме секојдневно на јавната сцена. Но, со почетокот на кампањата за претседателски и предвремени парламентарни избори 2014 год., истиот беше зголемен повеќекратно. Евидентно беше ширење на говор на омраза од страна на политичарите, нивните поддржувачи, но и новинари на телевизиите, како и на социјалните мрежи. За жал, нивно санкционирање од страна на надлежните органи немаше, а и властите не се осмелуваат на навлезат во таа област, затоа што користењето на говор на омраза за време на кампања го сфаќаат како дел од борбата против нивните политички опоненти. Но, таа навидум невина борба, може да донесе многу проблеми во општеството, особено во продлабочување на меѓуетничките тензии, за кои е потребно многу малку да се запалат и да прераснат во поголем бунт. Па така, убиството на матурантот Ангел од скопската општина Ѓорче Петров на 19.05.2014 год., го поврзуваат како искра која ги запали меѓуетничките тензии, кои беа особено продлабочени во текот на изборната кампања.

„Во услови на голема недоверба на граѓаните кон институциите на системот, во услови на нараснато сеопшто незадоволство на граѓаните од секојдневното живеење и во услови кога етницитетот се користи како алатка во партиското делување - 'потребни ни се 62 пратеници за да нема уцени' - многу е лесно една ваква трагедија да биде искористена како искра која ќе ја запали заедницата. Кога граѓаните се веќе поделени на 'ние' и 'тие', кога провладините медиуми го негуваат и поддржуваат

говорот на омраза, кога патриотизмот се гради врз основите на етничката поделба, едноставно не може еден ваков трагичен настан да не биде повод за насилство.''[5]

Говорот на омраза не е безгрижна алатка со која може да се служат политичарите или пак нивните поддржувачи. Токму заради него, секојдневно сме сведоци на насилство и меѓуетничка нетрпеливост. За време на кампањата секојдневно на митинзите од страна на ВМРО – ДПМНЕ го слушавме познатото: ,,Дајте ми 62 пратеника да не бидам уценуван''. Оваа порака со цел зголемување на политичките поени и придобивање на гласови од македонскиот блок на гласачи донесе нетрпеливост кај припадниците на албанската етничка заедница. Од страна на ДУИ пак, на нивните митинзи можевме да слушнеме ,, Струга е албанска, Кичево е албанско, дајте ми 25 пратеника''. Оваа порака ја разлути македонската етничка заедница. Па така, тепачките во автобусите, тепачките во училишните дворови каде учат мешани етнички заедници и последните инциденти по убиството на матурантот во Ѓорче Петров можеме токму да ги лоцираме во речникот на политичарите кои се на власт. Придобивање на гласови на сметка на кревките меѓуетнички односи е нешто што мора да се заборави, се со цел подобрување на општеството и соживотот во него. Политичарите мора да научат да воспостават разбирање меѓу заедниците, а не ширење говор на омраза кој може да прерасне и во поголеми инциденти од тие кои ги имавме за време и по изборната кампања.

Благодарејќи на социјалните мрежи, говорот на омраза лесно се ширеше како вирус за време на изборната кампања. Претседателскиот кандидат Стево Пендаровски во своите десет начела имаше наведено дека ќе се бори за соживот и дека ќе биде Претседател на сите граѓани. За таа цел, тој посетуваше многу етнички албански села и се обидуваше да им ја претстави својата програма и своите начела. Но, тоа не беше добро прифатено кај дел од ултра националистички групи, кои во еден момент за време на посетата на Пендаровски во скопската населба Лисиче беше пречекан со извици и навреди. Со ваквите навреди, симпатизерите на неговите политички опоненти користат погрдни зборови за одредени групи на граѓани, ставајќи ги и нив во негативен контекст, во обид за оцрнување на кандидатите на останатите политички субјекти. Истото беше забележано и на неговата Фејсбук страна каде имаше коментари дека Пендаровски работи против Македонците, работи во корист на Албанците и слични навреди со цел оцрнување на неговата кампања и навреди за Албанците како етничка група. За време на кампањата на Фејсбук страната Шетај Бранко се појави фотомонтажа со ликовите на неколку лица од различни аспекти на

[5] Извадок од изјава на Мирјана Најчевска дадена за Deutsche Welle, 20.05.2014 год.

политичката сфера. Коментарите имаат партиска, етничка и родова димензија и ги поддржуваат постоечките негативни стереотипи. Говорот на омраза освен на Фејсбук, беше забележан и на други социјални мрежи и портали, особено често говор на омраза со навреда на опозициските партии беше користен од страна на Миленко Неделковски, Јанко Илковски, Драган Павловиќ Латас.

### 3.3. ИЗВЕШТАЈ НА ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗАСТАПЕНОСТА НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ И ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ

Што се однесува до говорот на омраза во предизборниот, за време на изборниот и пост-изборниот период, Комитетот преку досега собраните пријави за говор на омраза доставени од граѓани, волонтери и правно-политичкиот тим формиран да ги следи сите кандидати за Претседател и политички партии констатира дека:

1. Говорот на омраза е застапен во најголем дел кај големите политички партии. Согласно доставените пријави говорот на омраза преминува и во дела сторени од омраза. Најзастапен основ кај говорот на омраза и кривичните дела сторени од омраза е етничката припадност, но не изостануваат и оние по основ на сексуална ориентација. Констатирани се повеќе инциденти сторени поради политичка припадност или политичко уверување кои покрај тоа што содржат елементи на омраза резултираа со сериозни кривични дела сторени од омраза кон носители на јавни функции, кандидати за Претседател, партиски штабови, но и физички пресметки помеѓу граѓани.

Како резултат на зголемениот говор на омраза се јавуваат и инциденти сторени од омраза кои не се процесуираат од страна на надлежните институции како кривични дела сторени од омраза. Овие инциденти започнаа уште во месец јануари со демолирање на возило на Либерално-демократската партија и продолжија со каменување на штаб на политичката партија ГРОМ во две населби, бомба подметната во близина на штаб на СДСМ, каменување на возила на учесници на митинг на ДУИ, оштетување на билборди, судир на активисти на ВМРО-ДПМНЕ со граѓани во населбите Чаир и Радишани.

2. Говорот на омраза не изостанува и од социјалните мрежи и медиуми. Впрочем истиот е најзастапен на социјалната мрежа „Фејсбук“. Во извештаите на правно-

политичкиот тим кој го следи говорот на омраза кај политичките партии и кандидати за Претседател, се констатира дека во официјалните програми и страници на социјалните мрежи не е забележан директен говор на омраза. Сепак, изобилуваат коментари од страна на поддржувачите на партиите кои во голем дел содржат говор на омраза. Исто така согласно извештаите на тимот, говорот на омраза е позастапен на неофицијалните страници на партиите зад кои стои анонимен сторител.

Поради констатираните состојби, Комитетот изразува загриженост за ескалацијата на физичко насилство мотивирано од омраза независно од основите поради тоа што оваа појава не наидува на осуда од учесниците во изборните процеси, институциите и активистите со што на насилството му дава легитимитет и се охрабрува неговото користење. Ваквиот третман кон говорот и делата сторени од омраза се игнорира правната рамка, а со тоа се злоупотребуваат и овластувањата на носителите на јавни функции во државната управа, особено во извршната власт чија основна функција е да ги обезбедат и штитат правата на граѓаните во Република Македонија.

## 3.4. АНАЛИЗА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА ИСПИТУВАЊЕТО НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ЗА ВРЕМЕ НА КАМПАЊАТА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

Анкетата потребна за ова истражување беше спроведена на интернет, во периодот од 8.06.2014 до 13.06.2014 год., на 100 испитаници, од кој беше побарано да одговорат на 10 прашања. Во прилог се одговорите добиени од анкетата.

1. На анкетата 49% од испитаниците биле машки, а 51% биле од женскиот пол.
2. Најмногу одговори на анкетата дали припадниците на македонската етничка заедница, или 88,78%, по 3,06% биле од српска или од друга етничка заедница, 2,04% биле власи, додека по 1,02% од испитаниците биле од албанска, турска или ромска етничка заедница.
3. 40% од испитаниците се членови на политичка партија, поголем дел или 52% не се членови на политичка партија, 5% биле членови но повеќе не се, а 3% не се членови на политичка партија, но планираат да се зачленат.
4. Многу висок процент или 94% од испитаниците сретнале говор на омраза за време на кампањата за претседателски и предвремени парламентарни избори, а само 6% не сретнале говор на омраза.

5. Притоа, најголем дел од говорот на омраза го сретнале на телевизија, односно 74,23%, потоа на социјалните мрежи 63,92%, па на интернет страните, односно 45,36%, 19,59% сретнале говор на омраза во весниците и најмалку односно 13,40% сретнале говор на омраза на радиото како медиум.
6. Повеќе од половина од испитаниците, или 54,08% сметаат дека за разлика од претходните изборни кампањи, на оваа кампања е зголемен говорот на омраза, додека пак 39,80% сметаат дека е на исто ниво како на претходните кампањи. Само 6,12% сметаат дека говорот на омраза за време на оваа кампања е намален.
7. На прашањето дали институциите треба да преземат нешто за спречување и казнување на говорот на омраза, 92,93% одговориле дека треба да преземат нешто, додека 7,07% сметаат дека надлежните институции не треба да преземат ништо за спречување на говорот на омраза.
8. 11,11% од испитаниците сметаат дека говорот на омраза е дел од кампањите на политичките партии и затоа не треба да биде санкциониран, додека пак висок процент или 88,89% сметаат дека говорот на омраза иако е дел од изборните кампањи, тоа не е изговор да не биде санкциониран.
9. Најголем дел од испитаниците или 68,42% сметаат дека подеднакво на двете кампањи и на претседателските и на парламентарните имало говор на омраза, додека пак 27,37% сметаат дека говор на омраза имало повеќе на кампањата за предвремените парламентарни избори, а 4,21% велат дека повеќе говор на омраза имало на кампањата за претседателски избори.
10. Последното прашање се однесуваше на изборот на испитаниците која политичка партија сметаат дека користела најмногу говор на омраза, при што можеа да изберат од неколкуте понудени одговори. Па така, според испитаниците на последната кампања, 74,23% сметаат дека ВМРО – ДПМНЕ користела најмногу говор на омраза, потоа ДУИ со 17,53%, па ДПА со 15,46% и на крај СДСМ со 8,25%. За одговорот дека помалите политички партии користеле најмногу говор на омраза немаше ниту еден одговор, додека пак 17,53% сметаат дека подеднакво сите партии се служеле со говор на омраза за време на изборните кампањи.

### 3.4.1. ЗАКЛУЧОЦИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Според спроведената анкета, голем број од испитаниците, или 94% сметаат дека за време на последната кампања за претседателски избори, односно за предвремени парламентарни избори, се сретнале со говор на омраза. Исто така висок процент или 92,93% сметаат дека надлежните институции треба да преземат мерки во спречување и санкционирање на говорот на омраза. 11,11% сметаат дека говорот на омраза е составен дел од изборните кампањи, и затоа не треба да биде санкциониран, додека пак висок процент или 88,89% сметаат дека говорот на омраза не треба да се користи во никој случај, па ни во изборните кампањи. Тој не треба да биде оправдување дека е дел од борбата за време на кампањите и затоа не треба да биде санкциониран.

Иако поголем број од испитаниците сметаат дека за време на кампањата за предвремени парламентарни избори повеќе се користел говор на омраза, сепак повеќето испитаници, односно 68,72% се согласуваат дека говорот на омраза се користел подеднакво за време на двете паралелни кампањи. Интересен податок е дека партиите кои се на власт ВМРО – ДПМНЕ и ДУИ, според испитаниците се оние партии кои користеле најмногу говор на омраза. Се поставува прашањето, дали е тоа дел од нивната тактика за освојување на повеќе гласачи на национално, етничко или некое друго чувство со меѓусебно напаѓање и користење на техники на говор на омраза за придобивање на некој глас повеќе? Сепак, 17,53%, сметаат дека сите партии подеднакво користеле говор на омраза за време на кампањите.

На прашањето дали оваа кампања беше обележана со повеќе говор на омраза од другите, повеќе од половина или 54,08% одговорија потврдно, но и висок процент односно 39,80% сметаат дека говорот на омраза се користел исто колку и минатите кампањи, што не наведува на заклучок дека говорот на омраза за време на кампањите е сериозен проблем со кој се соочуваме и за кој не е преземено ништо изминативе години, а неговата ситуација не се подобрува, напротив се влошува се повеќе и повеќе со текот на годините.

Телевизијата како медиум води со 74,23% на прашањето на кои медиуми најчесто среќавате говор на омраза. Веднаш зад неа, се социјалните мрежи и интернетот, кои заради достапноста и можноста секој да го сподели своето мислење, лесно се шири и говорот на омраза.

Членовите на политичките партии, најмногу говор на омраза сретнале на телевизија 71,79% и повеќе од половина 57,20% сметаат дека на последната кампања е зголемен говорот на омраза. Скоро сите 98% се согласуваат дека институциите треба да преземат итни мерки во спречување и санкционирање на говорот на омраза. Висок процент, односно 87,18% сметаат дека ВМРО – ДПМНЕ како политичка партија користела најмногу говор на омраза за време на кампањите.

Лицата кои не се членови на политичка партија со говор на омраза се сретнале најмногу на телевизија, дури и повеќе од членовите на политичките партии, 78%. Интересен е податокот дека мислењата им се поделени по основ на тоа кога имало повеќе говор на омраза. Па така, 48% сметаат дека е зголемен говорот на омраза за време на последните кампањи, а ист процент сметаат и дека говорот на омраза бил на исто ниво како на претходните кампањи. Висок процент 90,20% сметаат дека институциите треба да преземат мерки за санкционирање на говорот на омраза, а повеќето 70% сметаат дека говорот на омраза се користел подеднакво на двете кампањи. За разлика од високиот процент на оние кои се дел од политичка партија и сметаат дека ВМРО – ДПМНЕ користеле најмногу говор на омраза, 62% од лицата кои не се дел од политичка партија сметаат дека ВМРО – ДПМНЕ користеле најмногу говор на омраза, а по нив се ДУИ со 28% мислења од испитаниците. Ист процент на испитаници, односно 28% сметаат дека подеднакво сите партии користеле говор на омраза, додека само 7,69 % од членовите на политички партии одбрале дека подеднакво сите партии користеле говор на омраза за време на кампањата. Овој податок ни покажува дека голем дел од испитаниците сметаат дека својата партија не користела говор на омраза, туку само соперничката партија. Кај лицата кои не се дел од политичките партии свесноста дека сите партии користеле говор на омраза е поголем.

Испитаниците кои сметаат дека повеќе говор на омраза имаше за време на кампањата за претседателски избори одбрале дека најмногу го сретнале на телевизија, односно 90%. 75% сметаат дека во кампањата на ВМРО – ДПМНЕ се користело најмногу говор на омраза, а останатите 25% сметаат дека подеднакво сите партии користеле говор на омраза за време на кампањата за претседателски избори.

Оние кои сретнале повеќе говор на омраза за време на предвремените парламентарни избори, изедначено одбрале дека тоа го сретнале и на телевизија (40%) и на социјалните мрежи (40%). Слични им се мислењата и кај тоа дали имало сега повеќе говор на омраза или порано, па така 48% се одлучиле дека порано имало повеќе говор на омраза, а 44% се одлучиле дека сега има повеќе говор на омраза.

96% се согласуваат дека треба да се преземат мерки за санкционирање, а мислењата им се поделени околу тоа кој најмногу користел говор на омраза од политичките партии, иако најмногу се одлучиле дека ВМРО – ДПМНЕ користеле говор на омраза 40%, 23% сметаат дека сите партии подеднакво користеле говор на омраза, еднакви се мислењата за користење говор на омраза кај албанскиот блок, односно по 15% за ДУИ и ДПА и 7% сметаат дека СДСМ користела најмногу говор на омраза за време на кампањата за предвремени парламентарни избори.

На крај од оваа анкета можеме да заклучиме дека испитаниците за говорот на омраза сметаат дека бил во голема мера употребуван за време на изборните кампањи, но свесни се и дека е потребно активирање на надлежните институции во спречување и санкционирање на истиот. Граѓаните најмногу се сретнале со говор на омраза на телевизија, а потоа на социјалните мрежи и интернетот, кои како средства за масовна комуникација се широко распространети и дозволуваат секому да го искаже своето мислење, што придонесува за полесно ширење на говорот на омраза. Мислењата се поделени околу тоа кога повеќе се употребувало говор на омраза, сега или порано, но тоа ни укажува дека проблемот е долгорочен и мора да се реши што поскоро од надлежните. На крај, според испитаниците, ВМРО – ДПМНЕ е партијата која користела најмногу говор на омраза за време на кампањата со 74,23% мислења од испитаниците, па ДУИ со 17,53%, а ист процент на испитаници како со ДУИ, 17,53% се сложиле дека сите партии подеднакво користеле говор на омраза на последните кампањи за претседателски и предвремени парламентарни избори.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Говорот на омраза е појава која е се почеста во нашето општество. Тој е се повеќе присутен во арената на политичката борба, во медиумскиот простор, на интернетот. Иако нема јасна дефиниција, говорот на омраза ги опфаќа сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или било каква форма на омраза, предизвикувајќи нетрпеливост, насилство, агресија, конфликти.

Во сите демократски општества, говорот на омраза се санкционира и се казнуваат сите форми кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат омраза заснована на нетолеранција. Во нашата земја, иако утврден со закони, говорот на омраза ретко е регистриран и малку се примерите кога бил санкциониран. За него ретко се зборува во јавноста, а граѓаните имаат честа перцепција дека тоа е нормален процес на политичката битка.

Истражувањето кое го спроведовме во овој труд ни даде јасна слика за размислувањата на дел од граѓаните кои беа учесници во анкетата. Мислење на високи 94% од граѓаните беше дека за време на изборните кампањи се сретнале со говор на омраза и речиси ист процент се согласуваат дека надлежните институции треба да преземат итни чекори во надминување и санкционирање на истиот. Говорот на омраза според испитаниците беше најмногу забележан на телевизиите како медиум, што ни покажува дека е многу важно и должност на новинарите да го препознаат говорот на омраза и говорот кој поттикнува на насилство и дискриминација по било кој основ и да се оградат од него. Исто така истражувањето покажа дека граѓаните често се среќаваат со говор на омраза на интернет и социјалните мрежи. Користа и предностите од интернетот и социјалните мрежи се огромни, но заради големата распространетост и достапност и говорот на омраза може лесно да се шири.

На последната кампања за предвремени парламентарни избори и претседателски избори, бевме сведоци на говор на омраза на политичарите, но и на новинарите и медиумите. Делумно како борба за освојување на власта, но делумно и заради омаловажување на противникот, говорот на омраза предизвикуваше реакции кај граѓаните, нетрпеливост, конфликти на социјалните мрежи, агресивност. Затоа, од голема важност е преземање на итни мерки за елиминирање и санкционирање на говорот на омраза.

## 5. ПРЕПОРАКИ

Говорот на омраза како што прикажавме и во трудот, е често присутен во општеството, а неговото користење предизвикува низа на несакани појави и дејствија. Граѓаните мора да бидат информирани и да знаат што претставува говорот на омраза, кои се последиците кои произлегуваат од неговото користење и како да го препознаат и пријават истиот. Треба да се зборува во јавноста преку информативни трибини, да се дебатира за штетите кои може да ги предизвика говорот на омраза и да се креира јавно мислење за неговите ефекти во јавниот дискурс. Во овој дел најмногу можат да допринесат медиумите и граѓанскиот невладин сектор кој ќе го издигне јавното мислење и свесноста за последиците од говорот на омраза, но исто така и јавно да го критикуваат секој настап на политичарите, кој ќе има елементи на говор на омраза, независно дали е изборна кампања или не. Политичарите мора да престанат да го употребуваат говорот на омраза како моќно оружје за уништување на противникот. Освен јавното критикување, доколку го употребуваат треба да бидат и кривично гонети. Надлежните институции мора домашното законодавство да го зајакнат во делот на говор на омраза и кога нема да биде почитувано, да преземаат и соодветни санкции. Крајната цел е, говорот на омраза да се елиминира, да биде неприфатлив и непримерен.

Благодарејќи на Хелсиншкиот комитет за човекови права и слободи во Македонија, Националниот фонд за демократија од САД, Британската амбасада во Македонија и дел од невладините организации, граѓаните можат да се обучат за говорот на омраза и доколку препознале говор на омраза можат истиот да го пријават. Изработени се неколку веб страни и одржани се неколку трибини, како и изработени се извештаи од страна на Хелсиншкиот комитет за инциденти од говор на омраза, се со цел за подигнување на јавната свест и промовирање на глобална кампања против говор на омраза. Сепак, потребна е национална стратегија во борба против говорот на омраза.

Во изборните кампањи беа бројни примерите кај сите политички партии за користење на говор на омраза, а често беа поддржувани и од јавноста, новинарите, медиумите. Затоа е од голема важност, што поскоро активирање на институциите, зајакнување на законодавството, постапување по пријави на говор на омраза и санкционирање на истите. Граѓаните кога ќе препознаат говор на омраза треба да се спротивставаат на истиот и да го пријават, а потоа државата треба да ги активира механизмите на заштита. На крај, граѓанскиот сектор и невладините организации

треба постојано да не подучуваат и потсетуваат од штетноста на говорот на омраза и јавно да го критикуваат истиот, а политичарите да престанат да го употребуваат за придобивање на политички поени пред избори и тие да застанат во фронтот за борба против говорот на омраза.

## 6. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Supek, Rudi. 1992. Društvene predrasude i nacionalizam: socialno-psihološka razmatranja. Zagreb: Globus.
2. Kovačič, Gorazd. 2005. Nezadosnosti strpnosti. V poročilo skupine za spremljanje nestrpnosti. Ljubljana: Mirovni inštitut.
3. Прирачник за европско право за не дискриминација, Агенција за фундаменталните права на Европската унија, Совет на Европа, 2010.
4. Trešak, Andraž. 2006. Svoboda izražanja – neprepričljivo varovana in zloraba?! Referat na mednarodni konferenci Besede so dejanja, govor jih poganja – diskriminatorni in sovražni govor. Ljubljana: Urad varuha človeških pravic Republike Slovenije
5. Извадок од изјава на Мирјана Најчевска дадена за Deutsche Welle, 20.05.2014 http://www.dw.de/%D0%BA%D0%BE%D0%B3%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-%D1%81%D0%B5-%D1%81%D0%B5%D0%B0%D1%82-%D0%B2%D0%B5%D1%82%D1%80%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BF%D0%BE-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-%D1%81%D0%B5-%D0%B6%D0%BD%D0%B5%D0%B5-%D0%B1%D1%83%D1%80%D0%B0/a-17648192
6. http://zlostorstvaodomraza.com/
7. http://govornaomraza.mk/